**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-101/3 од 26.01.2023 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог-Одлука за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

Се одобрува Проектна Програма за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Е1.8 - ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА - СРЕДНОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРИЧЕН ПРИКЛУЧЕН ВОД ПОСТАВЕН НА ДЕЛ ОД К.П.бр.5108, ДЕЛ ОД К.П.бр.4009, ДЕЛ ОД К.П.бр.4022 ОД К.О.СОПОТНИЦА И ДЕЛ ОД К.П.бр.2067 ОД К.О.ПРИБИЛЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Инвеститорот Зоран Саботковски со живеалиште на адреса ул.,,Вангел Мајоро" бр.8а Битола и ЕМБГ , преку овластениот полномошник БИРО ЗА УРБАНИЗАМ Томе ДООЕЛ Битола со седиште на ул.,,Панде Николов" бр.9 Битола и ЕМБС 6126065 , поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-1356/1 од 03.11.2022 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.8- ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА- среднонапонски електричен приклучен вод поставен на дел од КП бр.5108, дел од КП бр.4009, дел од КП бр.4022 од КО Сопотница и дел од КП бр.2067 од КО Прибилци, општина Демир Хисар, изработена од ,,БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ Битола, кој поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0092, издадена од Министерство за транспорт и врски на 03.12.2015 година , со важност до 03.12.2022 година.
Со барањето ја приложи следната документација:

- **Предлог проектна програма** тех.бр. У -47/22 од јули 2022 година
- **Графички прилог** со исцртан плански опфат на **ажурирана геодетска подлога** (dwg)
- **Геодетски елаборат** за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога, дел. бр. 08-303/4 од 01.08.2022

- Известување за **електронска заверка** на геодетски елаборат со бр.1110-12/2022 од 03.08.2022 година.
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП Y38322 од октомври 2022 година
- **Решение за услови за планирање** на просторот со Арх.бр. УП1-15 2030/2022 од 21.10.2022 издадено од МЖСПП- Сектор за просторно планирање
- Изјава за финансирање заверена на нотар со бр. УЗП 209/2022 од 17.01.2023 година
- Полномошно од инвеститор заверено на нотар со бр. УЗП 210/2023 од 17.01.2023 година
- Извод од катастарски план за КП бр.5108, КП бр.4009, КП бр.4022 за КО Сопотница и КП бр.2067 за КО Прибилци
- Имотни листови за КП бр.5108, КП бр.4009, КП бр.4022 за КО Сопотница и КП бр.2067 за КО Прибилци

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., согласно член 38 став 8 и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.8- ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА- среднонапонски електричен приклучен вод поставен на дел од КП бр.5108, дел од КП бр.4009, дел од КП бр.4022 од КО Сопотница и дел од КП бр.2067 од КО Прибилци, општина Демир Хисар.
Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2023.01.25 13:16:30 +01'00'

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**

**Никола Најдовски**

Република Северна Македонија * ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР *